**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 12-04-2021

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlera |
|---|---|---|---|
| 03 | 1621 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјекти на надзорот:** сите издавачи евидентирани во регистарот на издавачи на печатени медиуми, и тоа:

   2.1. Друштво за производство, промет и услуги РЕПРО ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, издавач на „Нова Македонија";

   2.2. Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје, издавач на „Слободен печат";

   2.3. Друштво за издавање и маркетинг ВЕЧЕР ПРЕС ДООЕЛ Скопје, издавач на „Вечер";

   2.4. Друштво за новинско издавачка дејност, трговија и услуги КОХА ПРОДУЦТИОН ДОО Скопје, издавач на „Коха";

   2.5. Трговско друштво за новинско издавачка дејност трговија производство и услуги КАПИТАЛ МЕДИА ГРОУП ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Капитал";

   2.6. Друштво за новинско издавачка дејност МЕДИА ПЛУС ФОКУС ДОО Скопје, издавач на „Фокус";

   2.7. Друштво за новинарство и издаваштво МЕДИЈА ПРЕС ВМ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, издавач на „Битолски весник";

   2.8. Друштво за реклама и издаваштво АМПТЕАМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „М Магазин/Авто плус";

   2.9. Друштво за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, издавач на „Јени Балкан", „Бахче" и „Јени Балкан Хафталик Бултен";

   2.10. Друштво за трговија, издаваштво и консалтинг АТВ МЕДИА КОМПАНИ увоз-извоз ДООЕЛ Скопје, издавач на „Лајм";

   2.11. Друштво за трговија, услуги и издавачка дејност ЕУРО-МАК КОМПАНИ ДОО увоз-извоз Скопје, издавач на „Економија и бизнис";

   2.12. Друштво за услуги АНТИЌ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Портрет";

2.13. Друштво за производство, трговија и услуги МЕДИУМ БОЈА 43 ДООЕЛ увоз-извоз Штип, издавач на „Штипски глас“;

2.14. Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје“, „Story“, „Добра храна“ и „Руски доктор“;

2.15. Друштво за издавачка дејност БИРО ПРЕС ДОО Скопје, издавач на „Порта 3“;

2.16. Културно Здружение ВИЗИОНИ М Скопје, издавач на „Шења“;

2.17. Друштво за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје, издавач на „Скопско Ехо“;

2.18. Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС увоз извоз ДОО Прилеп, издавач на „Зенит“;

2.19. Здружение за едукација на земјоделците ЗЕЛЕНА БЕРЗА, Битола, издавач на „Зелена берза“;

2.20. Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој ПАБЛИК Скопје, издавач на „Лице в лице“; и

2.21. Друштво за реклама и пропаганда КЛИКЕР МАРКЕТИНГ ДООЕЛ Скопје, издавач на „InStore“.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 12 април 2021 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши на исполнувањето на обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми, според која издавачите на печатен медиум се должни податоците за сопственичката структура, односно податоците за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување, да ги објават во најмалку еден дневен весник, еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година и исечок од објавата да му доставаат на надлежното регулаторно тело во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

5. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми ја исполниле сите издавачи на печатени медими опфатени со надзорот.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***